*Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево*

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
Бр. 01-2228/1
24.12 2018 год.
КИЧЕВО

# *П Р О Г Р А М А  З А  Р А Б О Т А*
## *за 2019 година*

*Кичево, Декември, 2018 година*

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево
Период: 01.01.2019 – 31.12.2019
Вкупна вредност: 25.789.00,00 денари

## Вовед

Системот Студенчица, служи за зафаќање на водите од изворот Студенчица и дистрибуција на истите до крајните корисници, односно комуналните претпријатија на градовите Кичево, Прилеп, Македонски Брод и Крушево, како и технолошка вода за Рударскоенергетскиот комбинат Осломеј.

Регионалниот водовод Студенчица ставен е во употреба 1981 година и неговиот проектен експлоатационен период изнесува 30 години.

Максималната транспортна можност на системот изнесува 1.5 м3/сек.
Со Регионалниот водовод Студенчица се зафаќаат водите од истоимениот извор на р. Студенчица.

Според инвестиционо-техничката документација, Основно решение за регионално водоснабдување на Кичево со ТЕ Осломеј, Македонски Брод, Прилеп и Крушево со населените места, со вода од изворот на р.Студенчица, изработен во 1975 год. предвидено е водоснабдување, на крајот од проектниот период, 2010 год. на 192.000 жители.

Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица од пуштањето во работа 1981 година од технички аспект во основа ја извршува својата функција без поголеми проблеми.

Со Програмата за работа за 2019 година се предвидува да се преземат активности, неопходни за тековно одржување на регионалниот водоснабдителен систем Студенчица според очекуваните приходи од тековното работење и од акумулирани средства од изминатите години.

Приходите кои се планира да се остварат во 2019 година, главно се остварени од продажба на вода на корисниците на регионалниот водовод "Студенчица" во износ од 46.706.295,00 денари, производство на електрична енергија во износ од 14.901.745,00 денари и приходи од претходните години, во износ од 3.058.272,00 денари. Вкупните приходи кои се очекува да се реализираат изнесуваат 65.386.312,00 денари.

Активностите кои се предвидени да се реализираат во 2019 година се прикажани, под точка 3 од Програмата за работа за 2019 година, каде што е даден и краток опис за секоја активност.

Според структурата на инвестициите дадена во точка 3.1 од табела Т-3, најголем дел од средствата се предвидени за набавка на опрема во вкупен износ од 5.600.000,00 денари. Најголем дел од овие предвидени средства се за набавка на хидромеханска и електротехничка опрема кои изнесуваат 5.000.000,00 денари.

За инвестиционо – техничка документација предвидени се средства од 3.090.000,00 денари од кои најголем дел од предвидените средства се за изработка на физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатационият век на цевководот на РВ Студенчица.

Во делот на инвестициона градба се предвидуваат вкупни средства од 4.150.000,00 денари од кои најголемиот дел се предвидени за набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица со вкупен износ од 3.000.000,00 денари.

Во делот на тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема предвидени се вкупни средства од 400.000,00 денари, од кои најголем дел се за технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Доброноец за 2019 година во вредност од 300.000,00 денари.

Со Инвестиционата програма за работа во 2019 година предвидени се средства во вкупен износ од 13.240.000,00 денари според структурата дадена во точка 3.1 од табелата Т-3.

Со програмата за работа за 2019 година се предвидуваат активности кои се неопходни да се реализираат, за водоснабдителниот систем да се одржува на едно прифатливо техничко ниво, за во иднина истиот да може да ја извршува својата функција без некои поголеми тешкотии од технички аспект. Предвидени се и активности кои се делови од долгорочната програма за развојот на ЈП.

Во деловната 2019 година се планира да се реализираат нереализираните, отпочнати активности од Програмата за работа во 2018 година.

При изработка на програмата за работа во 2019 година земени се во предвид и активности кои се очекува да се реализираат со акумулирани сопствени средства од претходните години. За овие активности, дадени во точка 3.2 од табела Т-3 од инвестиционата програма, предвидени се средства во износ од 12.549.000,00 денари. Во овие средства предвидени се сите активности кои се започнати во текот на претходната година.

Во текот на 2019 година планирана е јавна набавка за изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство за кое не се предвидени средства затоа што средствата потребни за реализација на оваа јавна набавка треба да ги обезбеди приватниот партнер.

Активностите кои се планираат за реализација во тековната година зависат од висината на финансиските средства, односно од висината на обезбедените средства, од што директно зависи степенот на одржување на РВС Студенчица. Уште еднаш нагласуваме, дека со стареењето на РВС Студенчица, потребните средства за одржување се очекува да се зголемуваат од година во година.

Со донесување на Законот за утврдување на цените на водни услуги (Службен весник на Република Македонија бр. 7/16) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа на водна услуга (Службен весник на Република Македонија бр. 7/16) како и Решението

за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП за водоснабдување Студенчица Кичево за регулиран период 2018-2020 година УП.бр 08-168/17 од 21.11.2017 година донесено од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Макодонија се воспостави рамка на наплата почнувајќи од 01.01.2018 година.

| План на активности |
|---|

1. ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО
2. ФИНАНСИСКИ ПЛАН
3. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА
4. ОПШТО-КАДРОВСКИ И НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ
5. ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Кичево,
Декември, 2018 година

Директор
Урим Ахмеди дипл.правник

# *1. ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО*

***Кичево, Декември, 2018 година***

# 1. ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

## 1.1. ИЗГРАДБА НА МХЕ ВАРОШ И МХЕ МАКЕДОНСКИ БРОД СО ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Врз основа на претходно изработените студии за енергетска искористеност на РВС Студенчица каде што е утврдена можност за изградба на уште две мали хидроелектрани и студиите за оправданост на доделување на договор за јавно приватно партнерство, се планира да се објави оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на МХЕ на РВ Студенчица и тоа: МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод.

Проектот ќе генерира неколку економски придобивки, од кои посебно треба да се истакнат обезбедувањето на електрична енергија од обновливи извори на енергија и зголемување на приходите на ЈП Студенчица.

## 1.2 ИЗГРАДБА НА ФАБРИКА ЗА ПОЛНЕЊЕ НА ВОДА СО ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Во текот на 2014 година изработена е Физибилити студија за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба и стопанисување со капацитети за флаширање на вода за пиење на водоснабдителниот систем Студенчица Кичево. Огласот за доделување на договор за јавно приватно партнерство ќе се објави во 2019 година.

Цели на проектот: Обезбедување финансиски средства за успешно работење на ЈПВ Студенчица преку вклучување на приватен партнер во финансирањето, проектирањето, изградбата и стопанисувањето со капацитети за флаширање на вода за пиење, поттикнување на економскиот развој преку изградба на нови производствени капацитети, зголемување на вработеноста во Општина Кичево.

СТУДЕНЧИЦА
01-2028/11-1
24.12.2018 год.
Кичево

# 2. ФИНАНСИСКИ ПЛАН

*Кичево, Декември, 2018 година*

# Финансиски план за работа

| | Специфицирани приходи | Квартал 1 | | | | Квартал 2 | | | | Квартал 3 | | | | Квартал 4 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План 2019 | Реализација 2019 | Реализација 2018 | План / Реализација 2019 | План 2019 | Реализација 2019 | Реализација 2018 | План / Реализација 2019 | План 2019 | Реализација 2019 | Реализација 2018 | План / Реализација 2019 | План 2019 | Реализација 2019 | Реализација 2018 | План / Реализација 2019 |
| | **А. Приходи од основна дејност ( 36,00 Собирање, пречистување и дистрибуција на вода според НКВ )** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Приходи од продажба на услуги за дистрибуција на сурова вода кон Јавните комунални и водоводни претпријатија, корисници на РВС | 8,891,534.75 | | 5,666,435.00 | | 8,891,534.75 | | 7,075,249.00 | | 8,891,534.75 | | 10,274,374.00 | | 8,891,534.75 | | 8,407,859.00 | |
| 2 | Приходи од продажба на услуги за дистрибуција на сурова вода на АД ЕЛЕМ-РЕК Осломеј | 2,785,039.00 | | 2,747,520.00 | | 2,785,039.00 | | 1,831,680.00 | | 2,785,039.00 | | 1,685,146.00 | | 2,785,039.00 | | 3,246,035.00 | |
| | **Б. Приходи од дополнителни дејности ( 35.11 Производство на електрична енергија )** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | Приходи од продажба на Струја произведена од МХЕ Добреноец | 3,725,436.25 | | 4,561,560.00 | | 3,725,436.25 | | 4,686,431.00 | | 3,725,436.25 | | 4,620,864.00 | | 3,725,436.25 | | 1,991,554.00 | |
| 4 | **Вкупно оперативни приходи (1+2+3)** | **15,402,010.00** | | **12,975,515.00** | | **15,402,010.00** | | **13,593,360.00** | | **15,402,010.00** | | **16,580,384.00** | | **15,402,010.00** | | **13,645,448.00** | |
| | **Останати приходи** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | Приходи по основ на камати од неповрзани субјекти - депозит во Банка | 180,000.00 | | 217,686.00 | | 180,000.00 | | 145,715.00 | | 180,000.00 | | 200,275.00 | | 180,000.00 | | 200,547.00 | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Останати приходи од работењето, од казни на вработени. | 0.00 | | 59,578.00 | | 0.00 | | 46,162.00 | | 0.00 | | 67,137.00 | | 0.00 | | 77,316.00 | |
| 7 | Приходи од наплата на побарувања од минати години, врз основ на склучени Спогодби со ЈКП Корисници | 764,568.00 | | 746,935.00 | | 764,568.00 | | 559,255.00 | | 764,568.00 | | 495,508.00 | | 764,568.00 | | 764,568.00 | |
| 8 | **Вкупно останати приходи (5+6+7)** | **944,568.00** | | **1,024,199.00** | | **944,568.00** | | **751,132.00** | | **944,568.00** | | **762,920.00** | | **944,568.00** | | **1,042,431.00** | |
| 9 | **Вкупно приходи (4+8)** | **16,346,578.00** | | **13,999,714.00** | | **16,346,578.00** | | **14,344,492.00** | | **16,346,578.00** | | **17,343,304.00** | | **16,346,578.00** | | **14,687,879.00** | |

| | **Специфирани расходи** | **Квартал 1** | | | | **Квартал 2** | | | | **Квартал 3** | | | | **Квартал 4** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План 2019 | Реализација 2019 | Реализација 2018 | План / Реализација 2019 | План 2019 | Реализација 2019 | Реализација 2018 | План / Реализација 2019 | План 2019 | Реализација 2019 | Реализација 2018 | План / Реализација 2019 | План 2019 | Реализација 2019 | Реализација 2018 | План / Реализација 2019 |
| | **А. Расходи од основна дејност ( 36,00 Собирање, пречистување и дистрибуција на вода според НКВ )** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 100,000.00 | | 30,625.00 | | 100,000.00 | | 23,038.00 | | 100,000.00 | | 16,830.00 | | 100,000.00 | | 17,709.00 | |
| 2 | Трошоци за материјали | 75,000.00 | | 6,575.00 | | 75,000.00 | | 59,448.00 | | 75,000.00 | | 11,142.00 | | 75,000.00 | | 9,900.00 | |
| 3 | Трошоци за енергија | 515,000.00 | | 355,083.00 | | 515,000.00 | | 191,888.00 | | 515,000.00 | | 315,109.00 | | 515,000.00 | | 405,967.00 | |
| 4 | Трошоци за резервни делови и материјали за одржување | 200,000.00 | | 262,200.00 | | 200,000.00 | | 34,670.00 | | 200,000.00 | | 42,608.00 | | 200,000.00 | | 217,562.00 | |
| 5 | Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 112,500.00 | | 97,562.00 | | 112,500.00 | | 95,334.00 | | 112,500.00 | | 95,463.00 | | 112,500.00 | | 93,086.00 | |
| 6 | Транспортни услуги | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 60.00 | | 0.00 | | 70.00 | | 0.00 | | 0.00 | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 137,500.00 | | 124,107.00 | | 137,500.00 | | 102,509.00 | | 137,500.00 | | 111,146.00 | | 137,500.00 | | 110,696.00 | |
| 8 | Услуги за одржување и заштита | 107,500.00 | | 20,874.00 | | 107,500.00 | | 23,034.00 | | 107,500.00 | | 47,799.00 | | 107,500.00 | | 36,343.00 | |
| 9 | Комунални услуги | 12,500.00 | | 3,450.00 | | 12,500.00 | | 3,450.00 | | 12,500.00 | | 3,450.00 | | 12,500.00 | | 3,450.00 | |
| 10 | Останати услуги | 82,500.00 | | 60,390.00 | | 82,500.00 | | 94,462.00 | | 82,500.00 | | 107,033.00 | | 82,500.00 | | 56,417.00 | |
| 11 | Трошоци за амортизација | 4,386,059.75 | | 4,228,096.00 | | 4,386,059.75 | | 4,198,792.00 | | 4,386,059.75 | | 4,344,719.00 | | 4,386,059.75 | | 4,248,160.00 | |
| 12 | Останати трошоци за вработените | 275,000.00 | | 232,488.00 | | 275,000.00 | | 117,187.00 | | 275,000.00 | | 110,220.00 | | 275,000.00 | | 797,179.00 | |
| 13 | Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 62,500.00 | | 12,237.00 | | 62,500.00 | | 37,609.00 | | 62,500.00 | | 25,881.00 | | 62,500.00 | | 66,233.00 | |
| 14 | Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | 575,000.00 | | 469,326.00 | | 575,000.00 | | 524,669.00 | | 575,000.00 | | 531,974.00 | | 575,000.00 | | 499,865.00 | |
| 15 | Трошоци за репрезентација | 125,000.00 | | 168,727.00 | | 125,000.00 | | 129,621.00 | | 125,000.00 | | 71,936.00 | | 125,000.00 | | 140,096.00 | |
| 16 | Трошоци за осигурување | 25,000.00 | | 48,415.00 | | 25,000.00 | | 44,958.00 | | 25,000.00 | | 0.00 | | 25,000.00 | | 8,748.00 | |
| 17 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 20,000.00 | | 18,099.00 | | 20,000.00 | | 11,092.00 | | 20,000.00 | | 11,936.00 | | 20,000.00 | | 11,906.00 | |
| 18 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 75,000.00 | | 19,375.00 | | 75,000.00 | | 28,708.00 | | 75,000.00 | | 38,421.00 | | 75,000.00 | | 77,526.00 | |
| 19 | Останати трошоци на работењето | 127,500.00 | | 610,990.00 | | 127,500.00 | | 349,183.00 | | 127,500.00 | | 76,623.00 | | 127,500.00 | | 86,143.00 | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | **Вкупно оперативни расходи од основна дејност (1+2+3+4+5+6+7+8+9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19)** | **7,013,559.75** | **6,768,619.00** | **7,013,559.75** | **6,069,712.00** | **7,013,559.75** | **5,962,360.00** | **7,013,559.75** | **6,886,986.00** |
| | **Б. Расходи од дополнителни дејности ( 35.11 Производство на електрична енергија )** | | | | | | | | |
| 21 | Трошоци за енергија за МХЕ Добреноец | 12,500.00 | 7,945.00 | 12,500.00 | 7,311.00 | 12,500.00 | 8,617.00 | 12,500.00 | 5,489.00 |
| 22 | Услуги за одржување и заштита на МХЕ Добреноец | 150,000.00 | 0 | 150,000.00 | 0.00 | 150,000.00 | 0.00 | 150,000.00 | 0.00 |
| 23 | Останати услуги, технички преглед на МХЕ Добреноец | 0.00 | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 3,120.00 |
| 24 | Амортизација по минимални стапки на МХЕ Добреноец | 293,940.25 | 293,940.00 | 293,940.25 | 293,940.00 | 293,940.25 | 293,940.00 | 293,940.25 | 293,940.00 |
| 25 | Премии за осигурување на МХЕ Добреноец, објекти и опрема | 112,500.00 | 0 | 112,500.00 | 106,699.00 | 112,500.00 | 0.00 | 112,500.00 | 0.00 |
| 26 | Трошоци за надоместок за користење вода од МХЕ Добреноец | 5,000.00 | 4,716.00 | 5,000.00 | 5,174.00 | 5,000.00 | 5,064.00 | 5,000.00 | 4,137.00 |
| 27 | Надомест од 0,049% од приходот кон РКЕ | 30,000.00 | 0 | 30,000.00 | 41,940.00 | 30,000.00 | 0.00 | 30,000.00 | 0.00 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | **Вкупно оперативни расходи од дополнителна дејност (21+22+23+24+25+26+27)** | **603,940.25** | | **306,601.00** | | **603,940.25** | | 455,064.00 | | **603,940.25** | | 307,621.00 | | **603,940.25** | | 306,686.00 | |
| 29 | **Вкупно оперативни расходи (20+28)** | **7,617,500.00** | | **7,075,220.00** | | **7,617,500.00** | | **6,524,776.00** | | **7,617,500.00** | | **6,269,981.00** | | **7,617,500.00** | | **7,193,672.00** | |
| | **Останати раходи од основна дејност** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 30 | Останати расходи од работењето | 0.00 | | 5,301.00 | | 0.00 | | 36,383.00 | | 0.00 | | 9,929.00 | | 0.00 | | 8,500.00 | |
| 31 | Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 0.00 | | 9,464.00 | | 0.00 | | 6,395.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | |
| 32 | Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | |
| 33 | **Вкупно останати расходи од основна дејност (30+31+32)** | **0.00** | | **14,765.00** | | **0.00** | | **42,778.00** | | **0.00** | | **9,929.00** | | **0.00** | | **8,500.00** | |
| 34 | **Вкупно расходи (29+33)** | **7,617,500.00** | | **7,089,985.00** | | **7,617,500.00** | | **6,567,554.00** | | **7,617,500.00** | | **6,279,910.00** | | **7,617,500.00** | | **7,202,172.00** | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ | **8,712,500.00** | **0** | **7,065,262.00** | | **8,712,500.00** | | **7,092,958.00** | | **8,712,500.00** | | **6,972,394.00** | | **8,712,500.00** | | **6,972,394.00** | |
| ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | **67** | **0** | **53** | | **67** | | **53** | | **67** | | **52.67** | | **67** | | **52.67** | |

## 2 Финансиски план

### 2.1 Планирани приходи за 2019 година

Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево основните приходи ги остварува само со наплата на испорачаното количество сурова вода на своите корисници. Цената на суровата вода за еден $м^3$ за корисниците е утврдена врз основа на Методологија за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ" бр.63/17) и Решение УП бр.08-168/17 од 21.11.2017 година за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението, донесено од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, согласно Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ" бр.7/16) и со Одлука на Управниот одбор на која согласност дава Владата на Република Македонија.

Планираните приходи од продажба на вода се пресметани според следните претпоставки:

- Количество на вода кое ќе се испорача на потрошувачите земено е како просечно количество на испорачана вода измерено по водомери од 2014 година до 2016 година, како најрелевантно за планираните количини во 2019 година. Се планираат приходи од продажба на вода во 2019 година и нивната динамика на реализација без дисконт за 2019 година, согласно спогодбите.
- Претпоставено е според планот на АД ЕЛЕМ - РЕК Осломеј - Кичево дека ќе биде во погон шест месеци, а остатокот вон погон.
- Приходи од наплата на старите побарувања на 180 рати по Спогодби со ЈКП корисниците.

Приходите од наплата на старите побарувања се проектирани на наплата на 180 рати по Спогодби со ЈКП Корисниците.

Претпријатието покрај своите редовни деловни приходи остварува и други приходи кои се земени во предвид при изготвување на финансискиот план за 2019 година и тоа: приходи од продажба на произведена електрична енергија од МХЕ Добреноец, планирани според производството во 2014-2016 година и земајќи во предвид кога неработи РЕК Осломеј, 120л/с да се пренасочат кон МХЕ Добреноец, во износ од 14.901.745,00 денари.

Вкупните планирани приходи со финансискиот план за 2019година, изразени во денари, се прикажани во следната табела, Т-2.1:

Т-2.1 ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

| Р.бр. | Конто | ОПИС | Планирани приходи 2019 година | Планирани приходи 2018 година | Индекс | Остварени приходи 31.12.2018 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| 1 | 740 | **Приходи од продажба на добра и услуги во земјата** | **61.608.040,00** | **63.267.129,00** | **0,97** | **56.307.242,09** | **0,89** |
| 1.1 | | Приходи од продажба на вода на корисниците | 46.706.295,00 | 48.365.384,00 | 0,97 | 40.733.614,09 | 0,84 |
| 1.2 | | ЈКП Корисници | 35.566.139,00 | 39.772.805,00 | 0,89 | 31.223.233,09 | 0,79 |
| 1.3 | | РЕК Осломеј | 11.140.156,00 | 8.592.579,00 | 1,30 | 9.510.381,00 | 1,11 |
| 1.4 | | Приходи од продажба на електрична енергија од производство на МХЕ | 14.901.745,00 | 14.901.745,00 | 1,00 | 15.573.628,00 | 1,05 |
| 2 | 765 | **Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските** | **3.058.272,00** | **3.058.272,00** | **1,00** | **3.058.272,00** | **1,00** |
| 3 | 769 | **Останати приходи од работењето** | **0,00** | **0,00** | / | **248.456,00** | / |
| 4 | 774 | **Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва** | **720.000,00** | **840.000,00** | **0,86** | **761.419,64** | **0,91** |
| 5 | | Вкупно | **65.386.312,00** | **67.165.401,00** | **0,97** | **60.375.389,73** | **0,90** |

Со оглед на претходно наведеното, а имајќи ја во предвид хидролошката состојба која се очекува да трае преку цела година, во текот на 2019 година на корисниците се планира да им се испорача количество на вода прикажано во табела Т-2.2, а приходот од испорачаното количество е прикажан во табела Т-2.3.

**Т2.2 ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ КОЛИЧЕСТВА НА ВОДА ЗА КОРИСНИЦИТЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

| Корисник | Јануари (м3) | Февруари (м3) | Март (м3) | Април (м3) | Мај (м3) | Јуни (м3) | Јули (м3) | Август (м3) | Септември (м3) | Октомври (м3) | Ноември (м3) | Декември (м3) | ВКУПНО (м3) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1.Кичево | 585599 | 550075 | 576941 | 594144 | 612792 | 632338 | 729685 | 696410 | 613081 | 585743 | 522638 | 609558 | **7309004** |
| 2.М.Брод | 43352 | 37588 | 38124 | 41822 | 38593 | 45488 | 54663 | 50161 | 43037 | 41626 | 36561 | 41229 | **512244** |
| 3.Крушев | 59433 | 52048 | 53972 | 56661 | 50088 | 52304 | 69124 | 71529 | 65080 | 68378 | 59221 | 50932 | **708770** |
| 4.Прилеп | 616160 | 501117 | 564881 | 537802 | 587533 | 635437 | 779929 | 648077 | 588702 | 531684 | 490897 | 536810 | **7019029** |
| 5.Долнен | 162147 | 130512 | 138917 | 155999 | 150852 | 161889 | 183307 | 180710 | 176315 | 170174 | 150072 | 146001 | **1906895** |
| 6.Пласни | 48628 | 44407 | 48450 | 48631 | 48309 | 49881 | 77675 | 77739 | 63874 | 52820 | 44838 | 50728 | **655980** |
| 7.РЕК "ОС | 183168 | 353664 | 231552 | 196992 | 107136 | 103680 | 107136 | 107136 | 103680 | 107136 | 186624 | 255744 | **2043648** |
| 8.Кривога | 3756 | 2929 | 3435 | 3500 | 3433 | 3410 | 3174 | 3727 | 3480 | 2835 | 3489 | 3149 | **40317** |
| **ВКУПНО:** | **1702243** | **1672340** | **1656272** | **1635551** | **1598736** | **1684427** | **2004693** | **1835489** | **1657249** | **1560396** | **1494340** | **1694151** | **20195887** |

**Забелешка:** Количеството на испорака земено е да ги задоволи потребите на потрошувачите без рестрикции со просек земен 2014-2016 вклучувајќи го и просекот

**за работење на РЕК "Осломеј"**

Планирани приходи од продажба на електрична енергија од МХЕ Добреноец според производството во 2014- 2016 и земајќи во предвид кога неработи РЕК Осломеј,120л/с ќе се пренасочат кон МХЕ добреноец

Просекот е земен за период 2014-2016 година како период на издашност на изворот која ги задоволувала потребите на потрошувачите во целот,2017 не е разгледувана поради екстремно мала издашност

на изворот која не ги задоволувала потребите на корисниците.Ваква ниска издашност се јавува на период поголем од 5 години и за следниве три не се предвидува .

Од 01.01.2019 дисконтот се завршува

**Т-2.3 ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ВОДА без ДДВ ЗА 2019 ГОДИНА**

| Корисник | Јануари (ден) | Февруари (ден) | Март (ден) | Април (ден) | Мај (ден) | Јуни (ден) | Јули (ден) | Август (ден) | Септември (ден) | Октомври (ден) | Ноември (ден) | Декември (ден) | ВКУПНО (ден) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1.Кичево | 726.318 | 682.258 | 715.580 | 736.917 | 760.046 | 784.289 | 905.028 | 863.757 | 760.404 | 726.497 | 648.228 | 756.035 | **9.065.358** |
| 2.М.Брод | 83.236 | 72.169 | 73.198 | 80.298 | 74.099 | 87.337 | 104.953 | 96.309 | 82.631 | 79.922 | 70.197 | 79.160 | **983.508** |
| 3.Крушев | 149.189 | 130.651 | 135.481 | 142.230 | 125.731 | 131.294 | 173.515 | 179.552 | 163.364 | 171.642 | 148.657 | 127.850 | **1.779.154** |
| 4.Прилеп | 1.546.685 | 1.257.904 | 1.417.964 | 1.349.991 | 1.474.825 | 1.595.074 | 1.957.778 | 1.626.803 | 1.477.760 | 1.334.633 | 1.232.250 | 1.347.500 | **17.619.167** |
| 5.Долнен | 407.021 | 327.611 | 348.709 | 391.589 | 378.669 | 406.374 | 460.137 | 453.618 | 442.586 | 427.171 | 376.711 | 366.492 | **4.786.688** |
| 6.Пласни | 93.375 | 85.270 | 93.034 | 93.381 | 92.763 | 95.781 | 149.152 | 149.274 | 122.651 | 101.425 | 86.098 | 97.408 | **1.259.613** |
| 7.РЕК "ОС | 970.790 | 1.874.419 | 1.227.226 | 1.044.058 | 567.821 | 582.474 | 601.890 | 601.890 | 582.474 | 601.890 | 1.048.454 | 1.436.770 | **11.140.156** |
| 8.Кривога | 9.428 | 7.352 | 8.623 | 8.786 | 8.618 | 8.560 | 7.967 | 9.356 | 8.735 | 7.116 | 8.758 | 7.905 | **72.651** |
| **ВКУПНО:** | **3.986.043** | **4.437.635** | **4.019.814** | **3.847.249** | **3.482.571** | **3.691.183** | **4.360.420** | **3.980.560** | **3.640.605** | **3.450.297** | **3.619.352** | **4.219.118** | **46.706.295** |

## *2.2 Планирани трошоци за 2019 година*

ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево планираните трошоци за 2019 година ги утврдува врз основа на тековно остварените трошоци во 2018година, како и планираните приходи за 2018 година, притоа прикажувајќи ги реалните потреби на ЈП како и рационалното искористување на средствата, согласно позитивните прописи.

Т-2.4 РЕКАПИТУЛАР НА ТРОШОЦИ

| Р.бр. | Конто | ОПИС | Планирани трошоци за 2019 година | Планирани трошоци за 2018 година | Индекс | Реализирани трошоци 31.12.2018 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали | 400.000,00 | 400.000,00 | 1,00 | 89.780,73 | 0,22 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали | 300.000,00 | 350.000,00 | 0,86 | 91.380,00 | 0,26 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија | 2.110.000,00 | 2.100.000,00 | 1,00 | 1.265.734,91 | 0,60 |
| 4 | 404 | Трошоци за резервни делови и материјали за одржување | 800.000,00 | 850.000,00 | 0,94 | 529.875,27 | 0,62 |
| 5 | 407 | Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 450.000,00 | 300.000,00 | 1,50 | 381.437,00 | 1,27 |
| 6 | 410 | Транспортни услуги | 0,00 | 0,00 | / | 130,00 | / |
| 7 | 411 | Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 550.000,00 | 1.000.000,00 | 0,55 | 448.973,45 | 0,45 |
| 8 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 1.030.000,00 | 1.000.000,00 | 1,03 | 125.180,73 | 0,13 |
| 9 | 415 | Комунални услуги | 50.000,00 | 50.000,00 | 1,00 | 13.800,00 | 0,28 |
| 10 | 419 | Останати услуги | 330.000,00 | 600.000,00 | 0,55 | 300.519,27 | 0,50 |
| 11 | 420 | Плата и надоместоци на плата - бруто | 34.850.000,00 | 35.868.000,00 | 0,97 | 28.099.546,91 | 0,78 |
| 12 | 422 | Останати трошоци за вработените | 1.100.000,00 | 1.200.000,00 | 0,92 | 1.257.074,00 | 1,05 |
| 13 | 430 | Трошоци за амортизација | 18.720.000,00 | 18.910.000,00 | 0,99 | 18.299.879,00 | 0,97 |
| 14 | 440 | Дневници за службени патување, ноќевања и патни трошоци | 250.000,00 | 250.000,00 | 1,00 | 141.960,00 | 0,57 |
| 15 | 442 | Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | 2.300.000,00 | 2.300.000,00 | 1,00 | 2.028.231,27 | 0,88 |
| 16 | 444 | Трошоци за репрезентација | 500.000,00 | 500.000,00 | 1,00 | 510.380,00 | 1,02 |
| 17 | 445 | Трошоци за осигурување | 550.000,00 | 550.000,00 | 1,00 | 224.622,55 | 0,41 |
| 18 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 80.000,00 | 80.000,00 | 1,00 | 53.524,36 | 0,67 |
| 19 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 300.000,00 | 300.000,00 | 1,00 | 150.750,55 | 0,50 |
| 20 | 449 | Останати трошоци на работењето | 650.000,00 | 500.000,00 | 1,30 | 1.153.877,00 | 2,31 |
| 21 | 469 | Останати расходи од работењето | 0,00 | 0,00 | / | 60.113,00 | / |
| 22 | 474 | Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 0,00 | 0,00 | / | 15.859,00 | / |
| 23 | 475 | Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 0,00 | 0,00 | / | 0,00 | / |
| | | **Вкупно:** | **65.320.000,00** | **67.108.000,00** | 0,97 | **55.242.629,00** | 0,82 |
| 24 | | **Вкупно трошоци за периодот** | **65.320.000,00** | **67.108.000,00** | 0,97 | **55.242.629,00** | 0,82 |
| 25 | | **Инвестиции од трошоци за амортизација** | | | | | |
| 25,1 | | Инвестиционо техничка документација | 3.090.000,00 | 310.000,00 | 9,97 | | |
| 25,2 | | Инвестициона градба | 4.150.000,00 | 9.600.000,00 | / | | |
| 25,3 | | Набавка на опрема | 5.600.000,00 | 4.700.000,00 | 1,19 | | |
| | | **Вкупно реден број 25:** | **12.840.000,00** | **14.610.000,00** | 0,88 | | |
| 26 | | **Тековно инвестиционо одржување** | | | | | |
| 26,1 | | Трошоци за одржување и интервенции | 400.000,00 | 400.000,00 | 1,00 | | |
| | | **Вкупно реден број 26:** | **400.000,00** | **400.000,00** | 1,00 | | |
| | | **Вкупно реден број 25 + реден број 26:** | **13.240.000,00** | **15.010.000,00** | 0,88 | | |

## *2.3 Финансиски резултат за 2019 година*

Со вкупно планираните приходи и вкупно планираните трошоци за 2019 година се овозможува непречено функционирање во поглед на задоволување на потребите и целите на работењето на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево.

Финансискиот резултат е табеларно претставен во табела Т-2.5:

Т-2.5 РЕКАПИТУЛАР

| Р. Бр. | | ОПИС | План 2019 година | План 2018 година | Остварено до 31.12.2018 година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Приходи | 65.386.312,00 | 67.165.401,00 | 60.375.389,73 |
| 2 | | Трошоци | 65.320.000,00 | 67.108.000,00 | 55.242.629,00 |
| Реализирана добивка/загуба | | | 66.312,00 | 57.401,00 | 5.132.760,73 |

Од рекапитулацијата за финансиското работење на ЈП, произлегува дека од разликата помеѓу планираните трошоци и планираните приходи е предвидена добивка од финансиската година од **66.312,00 денари**.

Во изготвувањето на Финансискиот план за 2019 година и планираните активности согласно Програмата за работа за 2019 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, значајно е да се истакне дека истите се комплетно финансирани од сопствени средства, дел од планираните приходи за тековната година, а остатокот од акумулирани средства од претходни години.

Кичево,
Декември 2018 година

Директор
Урим Ахмеди дипл.правник

Изработил:
Александар Петрески дипл. ек.

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
Бр. 01-2228/1-2
24.12 20 18 год.
КИЧЕВО

# 3. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

*Кичево, Декември, 2018 година*

## 3. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево
Период: 01.01.2019 до 31.12.2019
Вкупна вредност: 25.789.00,00 денари

**Одржување**

| | Назив на проект / активност | Краток опис | Предвиден буџет за тековна година | Предвиден буџет за следна година | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Одржување на постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица за 2019 година | Гарантниот период на СКАДА системот е истечен. Поради сложеноста на самиот СКАДА систем – сложени програмски решенија на повеќе нивоа на комуникација, дијагностицирање на хардверски проблеми и друго, најдобро е одржувањето да се врши од страна на надворешен субјект која поседува стручни и искусни лица од оваа област. Набавката се предвидува секоја година со цел обезбедување на нормално функционирање на СКАДА системот. | 100.000,00 | 100.000,00 | Сопствени средства |
| 2 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2019 година | МХЕ Добреноец претставува значаен објект за чие одржување е потребно стручни лица од повеќе области – машински дел, електро дел, хидроградежен дел и др. Според тоа одржувањето на МХЕ Добреноец најдобро е да се врши од страна на надворешен субјект која поседува стручни и искусни лица од оваа област. Набавката се предвидува секоја година со цел обезбедување на нормално функционирање и намалување на можноста на посериозни дефекти на малата хидроцентрала | 300.000,00 | 300.000,00 | Сопствени средства |

## Нови инвестиции

- По проект, проекција за 3 години

| | Назив на проект / активност | Краток опис и статус на реализација | Предвиден буџет за тековна година | Предвиден буџет за следна година | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатациониот век на цевководот на РВ Студенчица | Регионалниот водоснабдителен систем е пуштен во употреба по делници и тоа на 20.06.1980 година (делница кон Кичево и РЕК Осломеј), 08.09.1981 година (делница кон Прилеп) и 18.11.1987 година (делница кон Крушево). Експлоатациониот период на системот според основниот проект изнесува 30 години. Студијата ќе содржи проценка на должината на преостанатиот експлоатационен век на цевководот, доколку врз него не би се изведеле никакви санациони работи, како и на сите ограничувања кои се потребни за да се постигне проценетиот преостанат работен век (на пример, ограничување на изградбата на хидроелектрични централи, ограничување на примена на одредени вредности на протокот и притисокот, и сл.) како и проценка на потребниот обем и вид на работи на санација, за продолжување на работниот век на цевководот. Во Студијата ќе се разгледаат и споредат од технички и финансиски аспект најмалку две основни решенија и тоа за обновување (санациони работи) на постоечкиот цевковод и замена на постоечкиот цевковод со нов | | 3.000.000,00 | Сопствени средства |
| 2 | Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичката состојба | Во текот на 2019 година предвидена е контрола на системот за катодна заштита на регионалниот водоснабдителен систем од надворешна овластена институција. Потребно е да се изработи извештај од извршената контрола со препораки и насоки за наредни чекори кои треба да ги превземе јавното претпријатие со цел подобрување на работата и ефективноста на станиците за катодна заштита | | 30.000,00 | Сопствени средства |
| 3 | Испитување на заштитно и громобранско заземјување на објектите од РВС Студенчица | Согласно законската обврска за испитување на заштитното и громобранското заземјување на објектите на РВС Студенчица во текот на 2019 година е планирано истото да биде извршено од страна на овластена надворешна институција и да се изготви елаборат од испитувањето | | 30.000,00 | Сопствени средства |
| 4 | Изработка на основен проект за изградба на ограда и основен проект | Во текот на 2019 година планирано е уредување на просторот во кругот на Разделна градба Другово. Просторот околу | | 30.000,00 | Сопствени средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за изграда на потпорен ѕид на РГ Другово | објектот ќе се огради, ќе се изведе мал потпорен ѕид, теренот ќе се израми при што ќе се добиен поголем простор за паркинг на службените возила. За таа цел ќе се изработат основни проекти врз основа на кои ќе се утврди вкупното чинење на работите и ќе се добие потребната документација потребна за изведба на горенаведените работи | | | |
| 5 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | Врз основа на претходно изработените студии за енергетска искористеност на РВС Студенчица каде што е утврдена можност за изградба на уште две мали хидроелектрани и студиите за оправданост на доделување на договор за јавно приватно партнерство, во текот на 2019 година се планира да се објави оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две МХЕ на РВ Студенчица и тоа: МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод. Проектот ќе генерира економски придобивки меѓу кои зголемување на приходите на ЈП Студенчица како и производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија | | 0,00 | ЈПП |
| 6 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | Во текот на 2014 година изработена е Физибилити студија за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба и стопанисување со капацитети за флаширање на вода за пиење на водоснабдителниот систем Студенчица Кичево. Цели на проектот се: обезбедување на дополнителни финансиски средства на ЈП Студенчица, потикнување на економски развој преку изградба на производни капацитети и зголемување на вработеноста | | 0,00 | ЈПП |
| 7 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Чуварска куќа - Каптажа и Барбарас | Чуварските куќи на Каптажа и Барбарас како придружни објекти на РВ Студенчица изградени се во осумдесетите години од минатиот век. Од нивната изградба па досега извршени се неколку помали санации на дел од нив. Од извршениот увид констатирана е потреба за реконструкција на дотраените објекти – појава на влага во просториите, нефункционални прозорци и врати, паднати ѕидни плочки, нефункционални санитарни јазли и слично. Со оваа набавка планирана е темелна реконструкција со што ќе се подобрат условите за работа и животниот век на горенаведените објекти | | 600.000,00 | Сопствени средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Набавка и монтажа на ветерница за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објектот ПК Барбарас | Моментално чуварскиот објект во Барбарас се снабдува со електрична енергија со фотоволтажни панели при што во зимски период има недостаток на електрична енергија. Со изведба на ветерница ќе се искористи расположливиот потенцијал на ветерот и ќе се решат проблемите со недостаток на електрична енергија на чуварскиот објект | | 250.000,00 | Сопствени средства |
| 9 | Набавка и монтажа на фотоволтажни панели за снабдување со електрична енергија на станицата за катодна заштита на Барбарас | Снабдувањето со електрична енергија на станицата за катодна заштита која се наоѓа на Барбарас се врши со фотоволтажни панели (кои се користат и за снабдување со електрична енергија на чуварскиот објект) при што во одредени периоди има недостаток на електрична енергија. Со наведените набавки во точка 4 и точка 5 ќе се изврши поделба во снабдувањето на електрична енергија односно чуварскиот објект ќе се снабдува со постоечките фотоволтажни панели и новопредвидената ветерница додека пак станицата за катода заштита која мора постојано да е во функција со новите фотоволтажни панели | | 300.000,00 | Сопствени средства |
| 10 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | Моментално на зафатот на изворот Студенчица снабдувањето со електрична енергија се врши со фотоволтажни панели при што има недостаток на електрична енергија во зимски период. На крајот на 2018 година ќе се објави оглас за предметната набавка и ќе се изврши избор на најповолен понудувач. Со изведба на микро ХЕЦ Зафат ќе се искористи расположливиот воден потенцијал и трајно ќе се решат проблемите со недостаток на електрична енергија на објектот Каптажа | | 3.000.000.00 | Сопствени средства |
| 11 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација, за 2019 година | Поради дотраеност на постоечката компјутерска опрема во 2019 година предвидено е да се набават персонални компјутери со лиценциран оперативен систем, лиценцирана заштита и лиценциран пакет за канцелариско работење (microsoft office) | | 300.000,00 | Сопствени средства |
| 12 | Набавка на резервни делови за постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2019 година | СКАДА системот на РВС Студеничца се состои од метални ормари со комуникациска опрема, фотоволтажни панели, камери за видео надзор, сервери и слична опрема која е потребно постојано да се одржува. Оваа набавка е предвидено да се реализира како годишна и сукцесивна според потребите и настанатите дефекти | | 300.000,00 | Сопствени средства |
| 13 | Набавка на хидромеханска и | ЈП предвидува набавка на хидромеханичка опрема и електротехничка опрема и тоа: | | 5.000.000,00 | Сопствени средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | електротехничка опрема, за 2019 година | механички водомери, слепи фланши, фланши, редуцири, СП парчиња, резервни делови за мерачи на проток и слично според техничка спецификација. Набавката се предвидува секоја година со цел решавање на дефектите кои настануваат во текот на годината. Набавката ќе се реализира како сукцесивна според потребите на ЈП | | | |
| 14 | Купување на деловни простории за дирекција на претпријатието во Кичево | Со купување на деловните простории ќе се подобрат условите за работа и ќе се обезбеди дополнителен простор за архивата од ЈП Студенчица. Со оглед на тоа што во иднина се предвидуваат и нови вработувања просторот би бил претесен за нормално работење | | 9.000.000,00 | Сопствени средства |
| 15 | Транзиција на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 | ЈП Студенчица има имплементиран и сертифициран стандард за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2008. Во текот на 2018 година избран е најповолен понудувач при што планираната транзиција во новиот систем ИСО 9001:2015 е во тек и ќе се заврши во јануари 2019 година | | 99.000,00 | Сопствени средства |
| 16 | Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001: 2015 (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година) | ЈП Студенчица има воспоставен систем за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2008. По извршената сертификација во 2015 година се стекна со сертификат за менаџмент со квалитет кој е со важност од 3 години. Веднаш откако ќе се изврши транзиција од ИСО 9001:2008 кон системот ИСО 9001:2015 ќе се реализира и ресертификација на истиот | | 150.000,00 | Сопствени средства |
| 17 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: РГ Другово и дирекција Кичево | Во декември 2018 година ќе се објави оглас за реконструкција на придружни објекти на РВ Студенчица. Предвидените активности (објава на оглас, избор на најповолен понудувач и изведба на предвидените работи) се очекува да заврши до март 2019 година | | 600.000,00 | Сопствени средства |
| 18 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација за 2018 година | Во декември 2018 година објавен е оглас за набавка на компјутери кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во јануари 2019 година | | 300.000,00 | Сопствени средства |
| 19 | Набавка на теренско возило | ЈП Студенчица Кичево моментално располага со две функционални теренски возила од кои едното се користи од страна на чуварската служба, а другото се користи за потребите од работната група за одржување. Во годишниот план за јавни набавки предвидени беа две теренски возила. ЈП Студенчица во текот на 2018 година набави едно теренско возило за | | 600.000,00 | Сопствени средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | потребите на технички сектор додека пак во декември 2018 година објавен е оглас за набавка на теренско возило за потребите на чуварската служба. Набавката се очекува целосно да се реализира до февруари 2019 година | | | |
| 20 | Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2018 година | ЈП предвидува набавка на хидромеханичка опрема и електротехничка опрема и тоа: механички водомери, слепи фланши, фланши, редуцири, СП парчиња, резервни делови за мерачи на проток и слично според техничка спецификација. Набавката се предвидува секоја година со цел решавање на дефектите кои настануваат во текот на годината. Набавката ќе се реализира како сукцесивна според потребите на ЈП | | 1.500.000,00 | Сопствени средства |

## Извештај за реализирани инвестициони активности за периодот

| | Планирани инвестициони активности за соодветниот период согласно Годишната инвестициона прорама на претпријатието, одобрена од Владата на Р. Македонија | Планирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Год. Инвестиц. програма | Планирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Год. Инвестиц. програма | Реализирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Годиш. инвестиц. програма | Процент на реализац. на планир. буџетски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Транзиција на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 | | 99.000,00 | Во тек | |
| 2 | Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001: 2015 (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година) | | 150.000,00 | Во тек | |
| 3 | Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичката состојба | | 30.000,00 | 30.000,00 | 100% |
| 4 | Испитување на заштитно и громобранско заземјување на објектите од РВС Студенчица | | 30.000,00 | Во 2019 | |
| 5 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | | 0,00 | Во 2019 | |
| 6 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | | 0,00 | Во 2019 | |
| 7 | Купување на деловни простории за дирекција на претпријатието во Кичево | | 9.000.000,00 | Во 2019 | |
| 8 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: РГ Другово и дирекција Кичево | | 600.000,00 | Во тек | |
| 9 | Набавка на опрема за видео надзор по техничка спецификација | | 150.000,00 | Не се реализира | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Набавка на компјутери по техничка спецификација | | 300.000,00 | Во тек | |
| 11 | Набавка на резервни делови за постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица | | 300.000,00 | 298.990,00 | 99,66% |
| 12 | Набавка на теренски возила | | 2.300.000,00 | 1.699.000,00 | 73,91% |
| 13 | Набавка на мотоцикли | | 150.000,00 | Не се реализира | |
| 14 | Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2018 година | | 1.500.000,00 | Во тек | |
| 15 | Одржување на постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица за 2018 година | | 100.000,00 | Не се реализира | |
| 16 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2018 година | | 300.000,00 | 0 | 0 |

## *3. Инвестициона програма*

Работите кои се предвидува да се реализираат во текот на 2019 година се опишани и прикажани во табеларен преглед заедно со проценетите вредности за секоја активност во нето износ – без ДДВ.

Со програмата за 2019 година се предвидува да се извршат активности во вкупен износ од 25.789.000,00 денари, од кои 13.240.000,00 денари од приходи во деловната 2019 година, а останатите активности (започнати активности од претходни години и планирани активности во тековната година) предвидено е да се финансираат од акумулирани средства во висина од 12.549.000,00 денари.

Проценката и планирањето на потребните финансиски средства за инвестиционо и тековно одржување е извршена врз основа на трошоци од претходно извршени слични работи и врз основа на претходни понуди.

Според активностите кои е предвидено да се финансираат од тековните приходи во 2019 година најмногу средства се предвидени за набавка на опрема и тоа 42,29% од вкупно предвидените средства од тековни приходи. Тоа се должи на високата предвидена вредност за набавка на хидромеханска и електротехничка опрема за 2019 година. Во неа се вклучени голем број на резервни делови за сите шахти на регионалниот водовод (воздушни и испустни вентили и нивни резервни делови со различни димензии, фасонски елементи во приклучните шахти и слично) како и резервни делови за електротехничката опрема на регионалниот водовод (електромагнетни и ултразвучни мерачи на проток, опрема за фотоволтажни системи за производство на електрична енергија за сопствени потреби и слично).

Од започнатите активности од претходни години најмногу средства се предвидени за деловни простории за дирекција на јавното претпријатие во Кичево и тоа 71.71% од вкупно акумулираните средства. Со купување на деловните простории ќе се подобрат условите за работа и ќе се обезбеди дополнителен простор за архивата од ЈП. Со оглед на тоа што во иднина се предвидуваат и нови вработувања просторот би бил претесен за нормално работење.

Планираните активности и средства за деловната 2019 година се прикажани во табела **Т-3. Инвестициона програма за 2019 година.** Во табеларниот преглед се прикажани предвидените активности по структура и чинење, и тоа:

3.1 Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2019 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија)

3.1.1 Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги
3.1.2 Инвестициона градба
3.1.3 Набавка на опрема
3.1.4 Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема
3.2 Активности за реализација од акумулирани средства
3.2.1 Започнати активности од претходни години
3.2.2 Планирани активности во тековна година

## Т-3. Инвестициона програма за 2019 година

### 3.1 Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2019 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија)

#### 3.1.1 Инвестиоционо - техничка документација и интелектуални услуги

| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
|---|---|---|
| 1 | Физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатационот век на цевководот на РВ Студенчица | 3.000.000,00 |
| 2 | Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичката состојба | 30.000,00 |
| 3 | Испитување на заштитно и громобранско заземјување на објектите од РВС Студенчица | 30.000,00 |
| 4 | Изработка на основен проект за изградба на ограда и основен проект за изграда на потпорен ѕид на РГ Другово | 30.000,00 |
| | **Вкупно 3.1.1:** | **3.090.000,00** |

#### 3.1.2 Инвестициона градба

| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
|---|---|---|
| 1 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | 0,00 |
| 2 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | 0,00 |
| 3 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Чуварска куќа - Каптажа и Барбарас | 600.000,00 |
| 4 | Набавка и монтажа на ветерница за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објектот ПК Барбарас | 250.000,00 |
| 5 | Набавка и монтажа на фотоволтажни панели за снабдување со електрична енергија на станицата за катодна заштита на Барбарас | 300.000,00 |
| 6 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | 3.000.000,00 |
| | **Вкупно 3.1.2:** | **4.150.000,00** |

#### 3.1.3 Набавка на опрема

| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
|---|---|---|
| 1 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација, за 2019 година | 300.000,00 |
| 2 | Набавка на резервни делови за постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2019 година | 300.000,00 |
| 3 | Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема, за 2019 година | 5.000.000,00 |
| | **Вкупно 3.1.3:** | **5.600.000,00** |

#### 3.1.4 Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема

| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица за 2019 година | 100.000,00 |
| 2 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2019 година | 300.000,00 |
| | **Вкупно 3.1.4:** | **400.000,00** |

### РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА АКТИВНСТИ ОД ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2019 година

| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
|---|---|---|
| 3.1.1 | Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги | 3.090.000,00 |
| 3.1.2 | Инвестициона градба | 4.150.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1.3 | Набавка на опрема | 5.600.000,00 |
| 3.1.4 | Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема | 400.000,00 |
| | Вкупно 3.1 : | 13.240.000,00 |

| *3.2 Активности за реализација од акумулирани средства* | | |
|---|---|---|
| *3.2.1 Започнати активности од претходни години* | | |
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 1 | Транзиција на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 | 99.000,00 |
| 2 | Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001: 2015 (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година) | 150.000,00 |
| 3 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: РГ Другово и дирекција Кичево | 600.000,00 |
| 4 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација за 2018 година | 300.000,00 |
| 5 | Набавка на теренско возило | 600.000,00 |
| 6 | Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2018 година | 1.500.000,00 |
| 7 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2018 година | 300.000,00 |
| | **Вкупно 3.2.1 :** | **3.549.000,00** |

| *3.2.2 Планирани активности во тековната година* | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 1 | Купување на деловни простории за дирекција на претпријатието во Кичево | 9.000.000,00 |
| | **Вкупно 3.2.2 :** | **9.000.000,00** |

| РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД АКУМУЛИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2019 година | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 3.2.1 | Започнати активности од претходни години | **3.549.000,00** |
| 3.2.2 | Планирани активности во тековната година | **9.000.000,00** |
| | **Вкупно 3.2 :** | 12.549.000,00 |

| СЕ ВКУПНИ ИНВЕСТИЦИИ | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 1 | Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2019 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија) | 13.240.000,00 |
| 2 | Активности за реализација од акумулирани средства | 12.549.000,00 |
| | ВКУПНО: | 25.789.000,00 |

### *3.3 Образложение за планираните активности*

Во оваа точка дадено е кратко образложение за активностите кои се предвидува да се реализираат во текот на 2019 година.

#### 3.3.1 Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги

1. **Изработка на физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатациониот век на цевководот на РВ Студенчица**

Регионалниот водоснабдителен систем е пуштен во употреба по делници и тоа на 20.06.1980 година (делница кон Кичево и РЕК Осломеј), 08.09.1981 година (делница кон Прилеп) и 18.11.1987 година (делница кон Крушево). Експлоатациониот период на системот според основниот проект изнесува 30 години. Студијата ќе содржи проценка на должината на преостанатиот експлоатационен век на цевководот, доколку врз него не би се извеле никакви санациони работи, како и на сите ограничувања кои се потребни за да се постигне проценетиот преостанат работен век (на пример, ограничување на изградбата на хидроелектрични централи, ограничување на примена на одредени вредности на протокот и притисокот, и сл.) како и проценка на потребниот обем и вид на работи на санација, за продолжување на работниот век на цевководот. Во Студијата ќе се разгледаат и споредат од технички и финансиски аспект најмалку две основни решенија и тоа за обновување (санациони работи) на постоечкиот цевковод и замена на постоечкиот цевковод со нов.

2. **Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичка состојба**

Во текот на 2019 година предвидена е контрола на системот за катодна заштита на регионалниот водоснабдителен систем од надворешна овластена институција. Потребно е да се изработи извештај од извршената контрола со препораки и насоки за наредни чекори кои треба да ги превземе јавното претпријатие со цел подобрување на работата и ефективноста на станиците за катодна заштита.

3. **Испитување на заштитно и громобранско заземјување на објектите од РВС Студенчица**

Согласно законската обврска за испитување на заштитното и громобранското заземјување на објектите на РВС Студенчица во текот на 2019 година е планирано истото да биде извршено од страна на овластена надворешна институција и да се изготви елаборат од испитувањето.

4. **Изработка на основен проект за изградба на ограда и основен проект за изградба на потпорен ѕид на РГ Другово**

Во текот на 2019 година планирано е уредување на просторот во кругот на Разделна градба Другово. Просторот околу објектот ќе се огради, ќе се изведе мал потпорен ѕид, теренот ќе се израми при што ќе се добиен поголем простор за паркинг на службените возила. За таа цел ќе се изработат основни проекти врз основа на кои ќе се утврди вкупното чинење на работите и ќе се добие потребната документација потребна за изведба на горенаведените работи.

### 3.3.2 Инвестициона градба

1. **Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнество**

Врз основа на претходно изработените студии за енергетска искористеност на РВС Студенчица каде што е утврдена можност за изградба на уште две мали хидроелектрани и студиите за оправданост на доделување на договор за јавно приватно партнерство, во текот на 2019 година се планира да се објави оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две МХЕ на РВ Студенчица и тоа: МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод. Проектот ќе генерира економски придобивки меѓу кои зголемување на приходите на ЈП Студенчица како и производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

2. **Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство**

Во текот на 2014 година изработена е Физибилити студија за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба и стопанисување со капацитети за флаширање на вода за пиење на водоснабдителниот систем Студенчица Кичево. Цели на проектот се: обезбедување на дополнителни финансиски средства на ЈП Студенчица, потикнување на економски развој преку изградба на производни капацитети и зголемување на вработеноста.

3. **Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Чуварска куќа – Каптажа и Барбарас**

Чуварските куќи на Каптажа и Барбарас како придружни објекти на РВ Студенчица изградени се во осумдесетите години од минатиот век. Од нивната изградба па досега извршени се неколку помали санации на дел од нив. Од извршениот увид констатирана е потреба за реконструкција на дотраените објекти – појава на влага во просториите, нефункционални прозорци и врати, паднати ѕидни плочки, нефункционални санитарни јазли и слично. Со оваа набавка

планирана е темелна реконструкција со што ќе се подобрат условите за работа и животниот век на горенаведените објекти.

4. **Набавка и монтажа на ветерница за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објектот на Барбарас**

Моментално чуварскиот објект во Барбарас се снабдува со електрична енергија со фотоволтажни панели при што во зимски период има недостаток на електрична енергија. Со изведба на ветерница ќе се искористи расположливиот потенцијал на ветерот и ќе се решат проблемите со недостаток на електрична енергија на чуварскиот објект.

5. **Набавка и монтажа на фотоволтажни панели за снабдување со електрична енергија на станицата за катодна заштита на Барбарас.**

Снабдувањето со електрична енергија на станицата за катодна заштита која се наоѓа на Барбарас се врши со фотоволтажни панели (кои се користат и за снабдување со електрична енергија на чуварскиот објект) при што во одредени периоди има недостаток на електрична енергија. Со наведените набавки во точка 4 и точка 5 ќе се изврши поделба во снабдувањето на електрична енергија односно чуварскиот објект ќе се снабдува со постоечките фотоволтажни панели и новопредвидената ветерница додека пак станицата за катода заштита која мора постојано да е во функција со новите фотоволтажни панели.

### 3.3.3 Набавка на опрема

1. **Набавка на компјутери**

Поради дотраеност на постоечката компјутерска опрема во 2019 година предвидено е да се набават персонални компјутери со лиценциран оперативен систем, лиценцирана заштита и лиценциран пакет за канцелариско работење (microsoft office).

2. **Набавка на резервни делови за постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица за 2019 година**

СКАДА системот на РВС Студеничца се состои од метални ормари со комуникациска опрема, фотоволтажни панели, камери за видео надзор, сервери и слична опрема која е потребно постојано да се одржува. Оваа набавка е предвидено да се реализира како годишна и сукцесивна според потребите и настанатите дефекти.

3. **Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2019**

ЈП предвидува набавка на хидромеханичка опрема и електротехничка опрема и тоа: механички водомери, слепи фланши, фланши, редуцири, СП парчиња, резервни делови за мерачи на проток и слично според техничка спецификација. Набавката се предвидува секоја година со цел решавање на дефектите кои настануваат во текот на годината. Набавката ќе се реализира како сукцесивна според потребите на ЈП.

### 3.3.4 Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема

1. **Одржување на постоечкиот СКАДА систем на регионалниот водовод Студенчица за 2019**

Гарантниот период на СКАДА системот е истечен. Поради сложеноста на самиот СКАДА систем – сложени програмски решенија на повеќе нивоа на комуникација, дијагностицирање на хардверски проблеми и друго најдобро е одржувањето да се врши од страна на надворешен субјект која поседува стручни и искусни лица од оваа област. Набавката се предвидува секоја година со цел обезбедување на нормално функционирање на СКАДА системот.

2. **Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2019 година**

МХЕ Добреноец претставува значаен објект за чие одржување е потребно стручни лица од повеќе области – машински дел, електро дел, хидроградежен дел и др. Според тоа одржувањето на МХЕ Добреноец најдобро е да се врши од страна на надворешен субјект која поседува стручни и искусни лица од оваа област. Набавката се предвидува секоја година со цел обезбедување на нормално функционирање и намалување на можноста на посериозни дефекти на малата хидроцентрала

### 3.3.5 Започнати активности од претходни години

1. **Транзиција на стандардот за менаџмент со квалитетот ИСО 9001:2015**

ЈП Студенчица има имплементиран и сертифициран стандард за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2008. Во текот на 2018 година избран е најповолен понудувач при што планираната транзиција во новиот систем ИСО 9001:2015 е во тек и ќе се заврши во јануари 2019 година.

2. **Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитетот ИСО 9001: 2015 (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година)**

ЈП Студенчица има воспоставен систем за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2008. По извршената сертификација во 2015 година се стекна со сертификат за менаџмент со квалитет кој е со важност од 3 години. Веднаш откако ќе се изврши транзиција од ИСО 9001:2008 кон системот ИСО 9001:2015 ќе се реализира и ресертификација на истиот.

3. **Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: РГ Другово и дирекција Кичево**

Во декември 2018 година ќе се објави оглас за реконструкција на придружни објекти на РВ Студенчица. Предвидените активности (објава на оглас, избор на најповолен понудувач и изведба на предвидените работи) се очекува да заврши до март 2019 година.

4. **Набавка на компјутери, по спецификација за 2018 година**

Во декември 2018 година објавен е оглас за набавка на компјутери кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во јануари 2019 година.

5. **Набавка на теренски возила**

ЈП Студенчица Кичево моментално располага со две функционални теренски возила од кои едното се користи од страна на чуварската служба, а другото се користи за потребите од работната група за одржување. Во годишниот план за јавни набавки предвидени беа две теренски возила. ЈП Студенчица во текот на 2018 година набави едно теренско возило за потребите на технички сектор додека пак во декември 2018 година објавен е оглас за набавка на теренско возило за потребите на чуварската служба. Набавката се очекува целосно да се реализира до февруари 2019 година.

6. **Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица**

Моментално на зафатот на изворот Студенчица снабдувањето со електрична енергија се врши со фотоволтажни панели при што има недостаток на електрична енергија во зимски период. На крајот на 2018 година ќе се објави оглас за предметната набавка и ќе се изврши избор на најповолен понудувач. Со изведба на микро ХЕЦ Зафат ќе се искористи расположливиот воден потенцијал и трајно ќе се решат проблемите со недостаток на електрична енергија на објектот Каптажа.

7. **Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2018 година**

ЈП предвидува набавка на хидромеханичка опрема и електротехничка опрема и тоа: механички водомери, слепи фланши, фланши, редуцири, СП парчиња, резервни делови за мерачи на проток и слично според техничка спецификација. Набавката се предвидува секоја година со цел решавање на дефектите кои настануваат во текот на годината. Набавката ќе се реализира како сукцесивна според потребите на ЈП.

8. **Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2018 година**

МХЕ Добреноец претставува значаен објект за чие одржување е потребно стручни лица од повеќе области – машински дел, електро дел, хидроградежен дел и др. Според тоа одржувањето на МХЕ Добреноец најдобро е да се врши од страна на надворешен субјект која поседува стручни и искусни лица од оваа област. Набавката се предвидува секоја година со цел обезбедување на нормално функционирање и намалување на можноста на посериозни дефекти на малата хидроцентрала

### *3.3.6 Планирани активности во тековната година*

1. **Купување на деловни простории за дирекција на претпријатието во Кичево**

Со купување на деловните простории ќе се подобрат условите за работа и ќе се обезбеди дополнителен простор за архивата од ЈП Студенчица. Со оглед на тоа што во иднина се предвидуваат и нови вработувања просторот би бил претесен за нормално работење.

Кичево,

Декември, 2018 година

Раководител на технички сектор

м-р Гоце Наќески

Директор

Урим Ахмеди дипл.правник

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
Бр. 01-2278/1-3
24.12 20 18 год.
Кичево

# *4. ОПШТО-КАДРОВСКИ И НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ*

*Кичево, декември 2018 година*

**_Општо-кадровски и нормативно-правни работи_**

## _КАДРОВИ РАБОТИ_

Во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Кичево се вработени вкупно 52 извршители на неопределено време до периодот на изготвување на овој План за општо кадрови и правни работи за 2018 година, а до крајот на 2018 година ќе бидат 50 извршител и

Структурата на вработените е следна:

| | |
|---|---|
| 1. ВСП | **14 извршители** |
| 2. ССП **(разни степени)** | **31 извршители** |
| 3. ВП | **1 извршители** |
| 4. НП | **5 извршители** |

| | |
|---|---|
| ДИРЕКЦИЈА | **17 извршители** |
| ПРИЛЕП **- објекти на РВ Студенчица** | **9 извршители** |

Во текот на деловната 2019 година во Претпријатието се планира пополнување на 17 работни места.

## _НОРМАТИВНО- ПРАВНИ РАБОТИ_

Изработка на предлог- општи акти во Јавното претпријатие и нивно донесување во текот на 2019 година:

- Колективен договор на ниво на работодавец,
- Статут на јавното претпријатие, согласно измените и дополнувањата на Законот за јавните претпријатија(доколку има измени во Закон за јавните претпријатија)
- Правилник за Службата за физичко обезбедување и заштита на објектите на ЈП,
- Правилник за мерките за безбедност и здравје при работа (со преглед на личните и колективни заштитни средства на работниците за работните места, работната облека и заштитна опрема за заштита на работно место според новата систематизација
- Други општи акти во зависност од потребата и донесување на нови Законски решенија кои се однесуваат на ЈП

## _УПРАВНО - ПРАВНИ РАБОТИ_

***Утврдување на цената за снабдување и дистрибуција на водата за РЕК Осломеј по донесување на нова Методологија за утврдување на цената на вода за пиење со одобрен тарифник за вода за 2018 година од Регулаторна комисија за енергетика.***

ЈП „Студенчица„ Кичево во 2018 година согласно Законот за утврдување на цените на водните услуги, а врз основа на поднесено барање за утврдување на цена на водните услуги до Регулаторната комисија за енергетика донесе Ценовник за вода на водните услуги и истата се применува од јуни 2018 година кон корисниците на услуги ЈКП.

Во наредниот период се планира да се донесе Ценовник за утврдување на цената за снабдување и дистрибуција на вода кон РЕК Осломеј, по донесување на нова Методологија за утврдување на цената на водата, со оглед а постојната Методологија за утврдување на цената на водата за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ„107/05) е застарена.

***Активности планирани согласно Законот за безбедност и здравје при работа***

Во 2019 година се планирани активности на набавка на соодветна опрема и донесување на нов Правилник за мерките за безбедност и здравје при работа во јавното претпријатие (со преглед на личните и колективни заштитни средства на работниците за работните места, работната облека и карактеристики на опремата.

Правилникот ќе биде согласно изработената проценка за ризик на секое работно место во ЈП, со концепт за безбедност и здравје при работа со направените микроклиматски мерења и обука на вработените од сите ризици кои ги носи работното место од аспект на заштита на здравје при работа како и врз основа на изработениот Елаборат за проценка на ризик на работни места со изјава за безбедност изработен од овластена куќа верификувана во Министерство за труд и социјална политика, кои се направени во 2017 година за потребите на ЈП.

***Планирани активности за ресертификација и прва надзорна проверка на ИСО9001: 2008 стандардите***

Со оглед на фактот што постапката за ресертификација на ИСО стандардите е отпочната во 2015 а истата се заврши во 2016 година, првата и втора надзорна проверка е направена во 2017 и 2018 година. Во 2018 година е отпочната постапка за транзиција и сертификација, а според редоследот на активности во 2019 година заради новата верзија на стандардот ИСО 9001 се предвидува продолжување на имплементација на транзицијата и сертификација на ИСО 9001 која започна во 2018 година.

***Планирани активности за организирање на боево гаѓање на Службата на физичко обезбедување и заштита согласно Законот***

Во 2019 година се планира да се спроведе редовно боево гаѓање на вработените кои работат на обезбедување на објекти на РВ Студенчица во текот на ноември 2019 година.

***Планирани активности за полагање на испит за јавни набавки за вработени на ЈП***

Во текот на 2019 година период се планира посета на обуки и полагање на испит за 5 вработени на ЈП на кои им е истечена важноста на сертификатот за јавни набавки и петодневна обука за двајца вработени и испит за стекнување со сертификат за јавни набавки

Изработил:
Зора Ивановска

Директор
Урим Ахмеди дипл.правник

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
БР. 01-2228/1-4
24.12 20 18 год.
КИЧЕВО

# 5. ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

*Кичево, декември 2018 година*

## 5. ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Јавните набавки во јавното претпријатие Студенчица се реализираат согласно Законот за јавни набавки и годишниот план за јавни набавки

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2019 ГОДИНА
## на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Вид на постапката | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | **I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | |
| 1 | Набавка на градежни материјали | | Јануари | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН, | |
| 2 | Набавка и монтажа на фотоволтажни панели за снабдување со електрична енергија на станицата за катодна заштита на Барбарас | | Март | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 3 | Набавка на хигиенски средства | | Април | 80.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 4 | Набавка на канцелариски материјал | | Април | 220.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 5 | Набавка и монтажа на ветерница за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објектот ПК Барбарас | | Април | 250.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 6 | Набавка на огревно дрво франко објекти на РВ Студенчица | | Мај | 127.119,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 7 | Набавка на резервни делови за постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица | | Јуни | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 8 | Набавка на плин за парно греење на РГ Другово 2019/2020 | | Август | 169.492,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 9 | Набавка на ХТЗ и друга опрема за вработените | | Септември | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 10 | Набавка на компјутери по техничка спецификација | | Ноември | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН, | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Набавка на гориво за службени моторни возила за 2019/2020 | | Ноември | 1.016.949,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН, | |
| 12 | Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2019 година | | Ноември | 5.000.000,00 | Отворена постапка | |
| 13 | Набавка на гуми, резервни делови и друг потрошен материјал за службени возила, градежна машина и останата опрема | | Декември | 593.220,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| | **II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | |
| 1 | Осигурување на недвижен имот и вградена опрема на РВС Студенчица 2019/2020 | | Февруари | 450.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 2. | Поштенски услуги 2019 година | | Март /април | 75.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 3 | Одржување на SCADA систем за 2019 година | | Мај | 100.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 4 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2019 година | | Мај | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН | |
| 5 | Угостителски услуги | | Јуни | 423.729,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН. | |
| 6 | Физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатациониот век на цевководот на РВ Студенчица | | Октомври | 3.000.000,00 | Отворена постапка | |
| 7 | Одржување, поправка и сервисирање на службени возила и на друга опрема за 2019/2020 година | | Декември | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Ревизија на финансиски извешта[illegible] и извештаи за материјално-финансиско работење на ЈП Студенчица за 2019 година | | Декември | 100.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН. | |
| | III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи | | | | | |
| 1 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: чуварска куќа Каптажа и Барбарас | | Април | 600.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување оглас на ЕСЈН, | |
| 2 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | | Март/Април | 3.000.000,00 | Отворена постапка | |
| 3 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | | Август | / | Отворена постапка | Постапката ќе се спроведе согласно Закон за јавните набавки ако и закон за концесии и јавно приватно партнерство |
| 4 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | | Август | | Отворена постапка | Постапката ке се спроведе согласно Закон за јавните набавки и закон за концесии и јавно приватно партнерство |

24.12.2018 година
Кичево

Управен одбор
Претседател
Саит Абазоски, с.р

СТУДЕНЧИЦА Кичево